РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

Арх.бр. 02-904/30
Дата 21.05.2026год.

Врз основа на член 57 од Статутот на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје во состав на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје, а по предлог на проф. д-р Ана Мадевска Богданова за унапредување на поддршката на студентите и подобрување на условите за студирање, Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 21.05.2026 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за формирање на Фокус лаб за поддршка на студенти со потешкотии при учење и специфични образовни потреби

### Член 1

На Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство – ФИНКИ се формира **Фокус лаб**, како организирана форма на академска, советодавна и менторска поддршка наменета за студенти кои се соочуваат со потешкотии при учење, внимание, концентрација, организација на учењето, како и други специфични образовни потреби кои можат да влијаат врз процесот на студирање.

Фокус лаб има за цел да обезбеди поддржувачка, инклузивна и пристапна средина за студентите кои имаат потреба од дополнителна поддршка при совладување на наставните содржини и реализација на академските обврски, вклучително и студенти со дислексија, нарушувања на внимание, одредени синдроми и други слични состојби што можат да влијаат врз процесот на учење, без ограничувачка категоризација.

### Член 2

Целите на Фокус лаб се:

- обезбедување поддршка за подобрување на академскиот успех и задоволството на студентите;
- развој на вештини за фокус, концентрација, организација и саморегулација при учење;
- поттикнување врсничка и менторска поддршка;
- поддршка при препознавање на потребите за разумна акомодација при следење на наставата и полагање;
- унапредување на инклузивноста и еднаквиот пристап до високото образование.

### Член 3

Фокус лаб своите активности ги реализира преку:

- индивидуална и групна поддршка за студенти;
- организација на групи за учење и работилници за техники на учење, организација и управување со внимание;
- менторска поддршка и врсничко учење;
- препораки и насоки за подобрување на условите за следење на наставата и полагање;
- користење и промоција на дигитални алатки и апликации за поддршка на процесот на учење;
- соработка со студентски организации, наставниот кадар и други релевантни чинители.

### Член 4

За раководител на Фокус лаб се именува **проф. д-р Ана Мадевска Богданова**, која е задолжена за координација на работата, организација и реализација на активностите, како и за развој на програмските активности и соработка со наставниот кадар, студентските организации и други релевантни субјекти.

Изработил. Игор Цветановски

**Член 5**

Во реализацијата на активностите на Фокус лаб, согласно потребите и можностите на Факултетот, можат да бидат вклучени наставници, соработници, студенти-ментори, претставници на студентски организации, како и надворешни стручни лица.

**Член 6**

За реализација на активностите на Фокус лаб, Факултетот може да обезбеди просторни, технички и организациски услови, согласно расположливите ресурси и можностите на Факултетот.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Декан**

**Вон.проф. д-р Петре Ламески**

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Република Северна Македонија, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје

ДОСТАВЕНО ДО:

- Ана Мадевска Богданова
- Архива

Изработил. Игор Цветановски